ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

# УПАТСТВО
# ЗА УГОСТИТЕЛИТЕ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ

Согласно член 4 став (2) од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/2020), „физичките лица кои согласно одредбите од овој закон вршат угостителска дејност се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината.“

Согласно член 40 од истиот закон, физичките лица од член 4 став (2) може да даваат:

- конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;
- угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;
- угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;
- угостителски услуги во селски домаќинства и
- угостителски услуги во пловни објекти.

Според член 7 став (1) од истиот закон, угостителот е должен исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа да го пријави на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект , а според ставот (2) од овој член угостителот е должен да ја пријави и промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат и на градоначалникот на општината во рок од 15 дена од настанатите промени.

Образецот може да се подигне од архива на општината или да се преземе од веб страната на Општина Велес https://veles.gov.mk/.

Согласно член 25 став (1) од истиот закон, угостителот е должен часот на започнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината како и на Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на угостителската дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на угостителскиот објект.

Според став (2) од истиот член, Градоначалникот на општината, води евиденција за работното време на угостителските објекти што работат на подрачјето на нивната надлежност.

Согласно став (3) од истиот член, во случај на објективни причини што бараат затворање на угостителскиот објект или измени на работното време на кои угостителот не може да влијае, угостителот може да го затвори угостителскиот објект, односно да го измени распоредот на

работното време без да ја има исполнето обврската од ставот 1 на овој член. За тоа е должен да го извести градоначалникот на општината, како и Државниот инспекторат за труд во рок од пет дена од денот на настанувањето на причината.

Според став (3) од истиот член, угостителот ја поднесува пријавата на образец за утврдување на часот на започнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Образецот може да се подигне од архива на општината или да се преземе од веб страната на Општина Велес https://veles.gov.mk/.

Согласно член 47 став (1) од истиот закон, за давање на угостителски услуги од физички лица во објектите од членот 46 на овој закон мораат да ги исполнуваат минимално-техничките услови и условите за категоризација во смисла на членот 27 став 1 од овој закон.

Според ставот (2) од истиот член, категоризацијата на објектите од членот 27 став 2 на овој закон ја врши градоначалникот на општината.

Согласно член 47-а од истиот закон, Градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје води регистар за категоризираните угостителски објекти од членот 27 став (2) од овој закон.

Согласно член 35 точка 8 и 9 од истиот закон, угостителот е должен: „да ги утврди нормативите на храна и пијалаци кои ги послужува, како и да им овозможи на корисниците увид во тие нормативи и да ги достави нормативите за храна на заверка на градоначалникот на општината, и угостителските услуги да ги дава во соодветна количина и квалитет според утврдените нормативи од ставот 1 точка 5 на овој член."

Образецот може да се подигне од архива на општината или да се преземе од веб страната на Општина Велес https://veles.gov.mk/.

## ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ ОД МАЛ ОБЕМ И РЕГИСТАРОТ ЗА КАТЕГОРИЗИРАНИТЕ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**1.** Согласно член 4-а став (1) од Закон за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/2020 и 16/2025) „физичките лица кои согласно одредбите од овој закон вршат угостителска дејност поднесуваат барање за упис во регистарот до градоначалникот на општината“.

Давателот на угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани, станови или соби за одмор, односно физичкото лице кое е сопственик на сместувачки објект, до Општина Велес поднесува:

- БАРАЊЕ за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем;
- БАРАЊЕ за категоризација на куќи, станови и соби за издавање од физички лица и селски домаќинства за вршење на угостителски услуги и
- БАРАЊЕ за престанок на важење на решението за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем.

Образецот може да се подигне од архива на општината или да се преземе од веб страната на Општина Велес **https://veles.gov.mk/** .

Образецот е составен дел на ова упатство.

Барањата се поднесуваат во архивата на Општина Велес, секој работен ден од **07:30** до **15:30** часот.

Со поднесување на барањето започнува постапка за донесување:

- РЕШЕНИЕ за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем;
- РЕШЕНИЕ за категоризација на угостителски објект и
- РЕШЕНИЕ за престанок на важење на решението за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем.

***Забелешка:*** *Издавачите на соби кои имаат Решение за упис во регистарот на издавачи поднесуваат само Барање за категоризација*

**2. Потребни документи за поднесување на барањата:**



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**2.1.** Кон барањето за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем во прилог ги доставуваат следните документи:

- пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално - технички услови;
- доказ за сопственост доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби;
- доказ за сопственост, или доказ за правото на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани;
- доказ за платена административна такса во износ од 50 денари и
- доказ за извршена уплата за решение за упис во износ од 250,00 денари**.**

**2.2.** Кон барањето за категоризација се доставуваат следните документи:

- копија од решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем во Општина Велес;
- доказ за сопственост доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби;
- доказ за сопственост, или доказ за правото на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани;
- доказ за платена административна такса во износ од 50 денари и
- доказ за извршена уплата за решение за категоризација во износ од 250,00 денари.

**2.3.** Кон барањето за престанок на важење на решението за упис во регистарот се доставуваат следните документи:

- решение за упис во регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност;
- доказ за платена административна такса во износ од 50 денари и
- доказ за извршена уплата за решение за престанок на важење на решението за упис на физичкото лице од регистарот во износ од 250,00 денари.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**3.** Уплатата на такса ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ на Барање за упис во регистарот, Барање за категоризација или Барање за престанок на важење на решението за упис во регистарот се врши на образец ПП 50;

**4.** Уплата на такса ЗА ДОНЕСУВАЊЕ на Решение за упис во регистарот на вршители на угостителска дејност од мал обем, Решение за категоризација или Решение за престанок на важење на решението за упис на физичкото лице од регистарот се врши на образец ПП 50, и тоа:

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 1 000 000 000 630 95**
**ИЗНОС: 50,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840-111-03182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315      ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административни такси**

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 1 000 000 000 630 95**
**ИЗНОС: 250,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840-111-03182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315      ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административна такса за упис во регистар**

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 1 000 000 000 630 95**
**ИЗНОС: 250,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840-111-03182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315      ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административна такса за категоризација**

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 1 000 000 000 630 95**
**ИЗНОС: 250,00 денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840-111-03182**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 722 315      ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Административна такса за престанок на важење на решението за упис**



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Комисијата за категоризација формирана од страна на Градоначалникот на Општина Велес врз основа на поднесеното барање врши непосреден увид во угостителските објекти за сместување заради утврдување на минимално-техничките услови на објектите, како и условите за категоризација согласно Правилник за минимално-техничките услови за вршење на угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2006 и 44/2013) и Правилник за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2006, 87/2012 и 41/2013).

**4.1.** Подносителот е должен да го подигне изготвеното Решение за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем по известувањето од страна на општинската администрација;

**4.2.** Подносителот е должен да го подигне изготвеното Решение за категоризација по известувањето од страна на општинската администрација;

***5.*** Давателот на угостителските услуги за сместување во куќа, апартмани или соба за одмор е должен да води евиденција за престојот на гостите во својот сместувачки објект во КНИГА за домашни односно странски гости.

- Книгата за домашни односно странски гости се заверува во полиција врз основа на Решението за упис во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем кој се води во Општина Велес;
- Податоците за легитимитетот и престојот на гостинот, сопственикот на сместувачкиот објект ги евидентира во соодветните графи на книгата за гости врз основа на личната карта односно пасошот на гостинот;
- Книгата за домашни, односно странски гости се набавува во книжарница.

***6.*** Според член 48 од Законот за угостителска дејност „физичкото лице ги издава собите, апартманите, куќите и становите за одмор преку туристичка агенција и туристичко биро врз основа на договор". Давателот на услугите е обврзан да набави и постави табла како доказ за извршена категоризација.

***7.*** Согласно член 3 од Законот за таксата за привремен престој („Службен весник на Република Македонјиа" бр. 19/1996, 26/2002, 51/2003, 88/2008, 17/2011 и 192/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/2020 и 16/2025), вршителите на угостителска дејност се должни



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

да вршат наплата на такса за привремен престој во износ од 40,00 денари дневно, а наплатената такса да ја уплатат најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец, и тоа: 80% од наплатената такса за привремен престој на подрачјето на единицата на локалната самоуправа и 20% од наплатената такса за привремен престој, уплатуваат на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија согласно член 8 од истиот Закон.

Таксата за престој се уплатува на образец ПП 50 или електронски преку постерминал во просториите на Општина Велес, на следната сметка:

**Назив на примач: Трезорска сметка**
**СМЕТКА: 100000000063095**
**ИЗНОС: _________ денари.**
**УПЛАТНА СМЕТКА: 840 111 03 205**
**ПРИХОДНА ШИФРА: 717 111 ПРОГРАМА: 00**
**Цел на дознака: Комунална такса за привремен престој**



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*